Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 0/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за реконструкција и санација на основните училишта и на детските градинки на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Програмата за реконструкција и санација на основните училишта и на детските градинки на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година.

Бр. 09-6270/39
26.12.2019 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 15 став 1 точка 1 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 0/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 39. седница, одржана на 26.12.2019 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ на Општина Центар-Скопје за 2020 година

## ПРОГРАМА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

**Со оваа Програма се уредуваат:**

- **I. Изворите за финансирање на Програмата**
- **II. Трошоците за реконструкција и санација на основните училишта и на детските градинки**
- **III. Преодните и завршните одредби**

## I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за реконструкција и санација на основните училишта и на детските градинки за 2020 година се финансира од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2020 година и од обезбедување донации.

## II. ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

- **Потпрограма Образование/Основни училишта (капитални расходи)**

| N | | ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА | Планирано |
|---|---|---|---|
| | NA0 | **ОБРАЗОВАНИЕ - ОСНОВНИ УЧИЛИШТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **15.000.000,00** |
| | 481210 | **Подготвување проекти и ревизија на проекти за основните училишта** | **1.300.000,00** |
| | | Изработка на проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост во ООУ | 2020 |
| | | Изработка на проекти и ревизија на проекти за слободни училишни коридори за ООУ на територија на Општина Центар | 2020 |
| | | **ООУ „Ј.Х.Песталоци"** | |
| | | Проект за реконструкција на тоалетите во анексот на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | 2020 |
| | | Проект за замена на надворешната столарија на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | |
| | | **ООУ „Кочо Рацин"** | |
| | | Проект за потпорен ѕид во ООУ „Кочо Рацин" | 2020 |
| | | Проект за реконструкција на дел од покривот на ООУ „Кочо Рацин" | 2020 |
| | | **ООУ „11 Октомври"** | |
| | | Проект за реконструкција на фасадата на фискултурната сала во ООУ „11 Октомври" | 2020 |
| | | Проект за електрични инсталации во кујна | 2020 |
| | | **ООУ „Св. Кирил и Методиј"** | |
| | | Проект за реконструкција на атмосферската мрежа во дворот на ООУ „Св. Кирил и Методиј" | 2020 |
| | 481230 | **Реконструкција на основните училишта** | **13.500.000,00** |
| | | Санација на интервентни зафати за градежни работи и инфраструктурна мрежа по потреба во сите основни училишта на територија на Општина Центар-Скопје | 2020 |
| | | Испитување на громобрански инсталации во сите основни училишта на територија на Општина Центар-Скопје | 2020 |
| | | **ООУ „Коле Неделковски"** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на предниот и на задниот двор | 2020 |
| | | Санација на огради | 2020 |
| | | **ООУ „ Ј.Х.Песталоци"** | |
| | | Реконструкција на дел од покривот на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | 2020 |
| | | Реконструкција на тоалети во анексот на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | 2020 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Санација на заштитни огради во дворот на ООУ „Ј.Х.Песталоци" | 2020 |
| | | **ООУ „Кочо Рацин"** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот на ООУ „Кочо Рацин" | 2020 |
| | | Реконструкција на игралиштето во ООУ „Кочо Рацин" | 2020 |
| | | Молерофарбарски работи во ООУ „Кочо Рацин" | 2020 |
| | | **ООУ „11 Октомври"** | |
| | | Замена на столарија - врати во ООУ „11 Октомври" | 2020 |
| | | Реконструкција на дел од фекалната канализација во дел од ООУ „11 Октомври" во училишниот двор | 2020 |
| | | Реконструкција на дел од атмосферската канализација во дел од ООУ „11 Октомври" во училишниот двор | 2020 |
| | | Санација на дел од објектот во ООУ „11 Октомври" | 2020 |
| | | Санација на дел од подовите во училниците и во кабинетите во ООУ „11 Октомври" | 2020 |
| | | Реконструкција на електричните инсталации во кујна | 2020 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување во ООУ „11 Октомври" | 2020 |
| | | **ООУ „Св.Кирил и Методиј"** | |
| | | Санација и реконструкција на дел од објектот во ООУ „Кирил и Методиј" | 2020 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на дворот на ООУ „Св.Кирил и Методиј" | 2020 |
| | | Реконструкција на атмосферската мрежа во дворот на ООУ „Св. Кирил и Методиј" | 2020 |
| | | Замена на портата од службениот влез во ООУ „Св. Кирил и Методиј" | 2020 |
| | | Санација на тоалети (казанчиња) во ООУ „Св. Кирил и Методиј" | 2020 |
| | | **ООУ „Димитар Миладинов"** | |
| | | Реконструкција на подот во ООУ „Димитар Миладинов" | 2020 |
| | | Санација на хидрантите и на водоводната мрежа (замена на вентили) во ООУ „Димитар Миладинов" | 2020 |
| | | Санација на фекалната канализација во тоалетите во ООУ „Димитар Миладинов" | 2020 |
| | | Уредување на задниот дел од дворот и паркинг-просторот | 2020 |
| | | **ООУ „Гоце Делчев"** | |
| | | Набавка и монтажа на рекуператори во фискултурната сала | 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Молерофарбарски работи во ООУ „Гоце Делчев" | 2020 |
| | - | Поставување сончеви колектори во основните училишта | 2020 |
| | - | Изведба на заштитни решетки, натстрешник, игралиште за кошарка и подвижна врата за потребите на ООУ | 2020 |
| | - | Реконструкција на детски игралишта во ООУ по потреба | 2020 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2020 |
| | - | Санација на интервентни зафати по потреба во ООУ | 2020 |
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост во ООУ | 2020 |
| | - | Изведба на слободни училишни коридори за ООУ на територија на Општина Центар | 2020 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **200.000,00** |
| | | Стручен надзор на реконструкција на ООУ | 2020 |

- **Потпрограма Детски градинки (капитални расходи)**

| **V** | | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **Предложено со репрограмирање** |
|---|---|---|---|
| | **VA0** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)** | **14.000.000,00** |
| | **481210** | **Подготвување проекти и ревизија на проекти за ЈУДГ** | **800.000,00** |
| | | Изработка на проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост во ЈУДГ | 2020 |
| | | **ЈУДГ „Раде Јовчевски Корчагин"** | |
| | | Проект за реконструкција на ДГ „Р.Ј.Корчагин" **објект Пинокио** | 2020 |
| | | **ЈУДГ „13 Ноември"** | |
| | | Проект за изградба на нова детска градинка на нова локација **објект Кукушка** | 2020 |
| | **481230** | **Реконструкција на ЈУДГ** | **13.000.000,00** |
| | | **ЈУДГ „Раде Јовчевски Корчагин"** | |
| | | Реконструкција на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" **објект Пинокио** | 2020 |
| | | Реконстукција на градежно-занатски работи:<br>-подот и поставување на облога од паркет во две занимални<br>-набавка и монтажа на внатрешни врати<br>-набавка и монтажа на нови плакари во занималните и плакарчиња<br>-замена на фасадна столарија<br>-глетување и молерофарбарски работи **објект Палешка** | 2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **ЈУДГ „13 Ноември“** | |
| | | Реконструкција на градежно-занатски работи на **објект Јасмин** | 2020 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување во ЈУДГ „13 Ноември“ **објект Панорама** | |
| | | Санација на фасада на ЈУДГ „13 Ноември“ **објект Панорама** | 2020 |
| | | **ЈУДГ „Кочо Рацин“** | |
| | | Партерно и хортикултурно уредување во ЈУДГ „Кочо Рацин“ **објект Бели Мугри** | 2020 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување во ЈУДГ „Кочо Рацин“ **објект Наум Наумовски Борче** | 2020 |
| | - | Поставување сончеви колектори во детските градинки | 2020 |
| | - | Санација на интервентни зафати за градежни работи и инфраструктурна мрежа по потреба во ЈУДГ | 2020 |
| | - | Реконструкција на детски игралишта во ЈУДГ по потреба | 2020 |
| | - | Санација на простории во матичните објекти на градинките за реализација на сензорни соби | 2020 |
| | - | Набавка и монтажа на прочистувачи за воздух | 2020 |
| | - | Испитување на громобрански инсталации во сите детски градинки на територија на Општина Центар-Скопје | 2020 |
| | - | Изведба на пристапни рампи за лица со попреченост во ЈУДГ | 2020 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **200.000,00** |
| | | Стручен надзор на реконструкција на ЈУДГ | 2020 |

ТРОШОЦИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:

I. N - ОБРАЗОВАНИЕ- ОСНОВНИ УЧИЛИШТА
15.000.000,00 денари

II. V - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ
14.000.000,00 денари

**ВКУПНО (I, II)**
Вкупно Основен буџет = 29.000.000,00 денари

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

-Сектор за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-6270/38
26.12.2019 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска